# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
# НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Број 53 Год. LXII Вторник, 25 април 2006 Цена на овој број е 350 денари

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk


## СОДРЖИНА


Стр.

636. **Одлука** за давање концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина никел на ДПТТ „МИСА-МГ“ експорт-импорт ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Гроот“, општина Велес...................................... 2

637. **Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на ТД „ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ“ АД Скопје на локалитетот во околината на с. Беловодица, Прилепско.............................................. 2

638. **Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина - кварцит на ДПТТ „МИСА МГ“ ДООЕЛ Скопје на локалитетот „Манастирски утки“ кај с. Чичево, општина Велес..................................................... 2

639. **Одлука** за давање концесија за експлоатација на минералната суровина - тресет на АД „Борец“ с. Лешок - Тетово на локалитетот во близина на с. Јанчиште, општина Јегуновце.............. 3

640. **Одлука** за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија......................................................... 4

Стр.

641. **Одлука** за преобразба на Јавното претпријатие „Македонска информативна агенција“, во Акционерско друштво „Македонска информативна агенција“ во државна сопственост....... 4

642. **Одлука** за усвојување на Статутот на Акционерското друштво „Македонска информативна агенција АД“, во државна сопственост, Скопје.............. 5

643. **Статут** на Акционерско друштво „Македонска информативна агенција АД“ - Скопје, во државна сопственост 5

644. **Тарифа** за висината на трошоците за присилна наплата.................................. 9

645. **Годишна програма** за премер, катастар и запишување на права на недвижностите во 2006 година................. 9

646. **Список** на готови лекови за употреба во ветеринарната медицина за кои е дадено одобрение за ставање во промет во период од 01.02.2006 до 31.03.2006... 42

647. **Правилник** за видот, начинот на вршењето и начинот на водењето на евиденција на оперативните теренски и геодетски работи и геодетски работи за посебни намени............................................. 44

648. **Правилник** за изработка и одржување на катастарскиот операт........................... 46

**Огласен дел**.......................................... 1-64

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**636.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2002 и 24/2003) и член 86 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ДЕТАЛНИ ГЕОЛОШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА НИКЕЛ НА ДПТТ „МИСА-МГ" ЕКСПОРТ-ИМПОРТ ДООЕЛ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГРООТ", ОПШТИНА ВЕЛЕС

1. На ДПТТ „МИСА-МГ" експорт-импорт ДООЕЛ Скопје се дава концесија за детални геолошки истражувања на минералната суровина – никел на локалитетот „Гроот" општина Велес, со површина на простор на концесија за детални геолошки истражувања дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.622 200,00 | 7.561 800,00 |
| Т-2 | 4.623 200,00 | 7.561 800,00 |
| Т-3 | 4.623 200,00 | 7.562 250,00 |
| Т-4 | 4.623 000,00 | 7.562 625,00 |
| Т-5 | 4.622 200,00 | 7.562 625,00 |

Површината на просторот на концесија за истражување од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,82 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определат во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6.Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-1528/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**637.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии („Службен весник на Република Македонија" бр.25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА-МЕРМЕР НА ТД „ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ" АД СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВО ОКОЛИНАТА НА С. БЕЛОВОДИЦА, ПРИЛЕПСКО

1. На ТД „ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ" АД Скопје се дава концесија за експлоатација на минералната суровина – мермер на локалитетот во околината на с. Беловодица - Прилепско, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА-X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.577150,00 | 7.559 750,00 |
| Т-2 | 4.577 050,00 | 7.560 450,00 |
| Т-3 | 4.575 200,00 | 7.561 900,00 |
| Т-4 | 4.574 700,00 | 7.561 180,00 |
| Т-5 | 4.576 200,00 | 7.560 200,00 |
| Т-6 | 4.576 700,00 | 7.560 000,00 |
| Т-7 | 4.575 750,00 | 7.560 875,00 |

Површината на просторот на експлотационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува P=1,87 $km^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определат во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.100/05).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. За површината од точка 1 од оваа одлука ЈП „Македонски шуми" треба благовремено да изврши сеча на шумата, а истовремено ТД „ЛАРИН МРАМОР КОМПАНИ" АД Скопје, треба да изврши пошумување на соодветна површина која ќе ја определи ЈП „Македонски шуми".

6. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-1529/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**638.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии („Службен весник на Република Македонија" бр.25/02 и 24/03) и член 86 од Законот за минералните суровини („Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/02), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА - КВАРЦИТ НА ДПТТ „МИСА-МГ" ДООЕЛ СКОПЈЕ НА ЛОКАЛИТЕТОТ „МАНАСТИРСКИ УТКИ" КАЈ С. ЧИЧЕВО, ОПШТИНА ВЕЛЕС

1. На ДПТТ „МИСА-МГ" ДООЕЛ Скопје се дава концесија за експлоатација на минералната суровина - кварцит на локалитетот „Манастирски утки" кај с. Чичево, општина Велес со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табелава, и тоа:

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.602.750,00 | 7.572.400,00 |
| Т-2 | 4.603.750,00 | 7.572.250,00 |
| Т-3 | 4.603.750,00 | 7.573.500,00 |
| Т-4 | 4.602.800,00 | 7.573.500,00 |

Површината на просторот на експлотационото поле од точка 1 на оваа одлука изнесува P=1,1 km2.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определат во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/05).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишувањето на Договорот за концесија.

6. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.19-1530/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

---

**639.**

Врз основа на член 6, став 2 од Законот за концесии ("Службен весник на Република Македонија" бр. 25/2002 и 24/2003) и член 86 од Законот за минералните суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 18/99 и 29/2002), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2996 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ДАВАЊЕ КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНАТА СУРОВИНА - ТРЕСЕТ НА АД "БОРЕЦ" С. ЛЕШОК - ТЕТОВО НА ЛОКАЛИТЕТОТ ВО БЛИЗИНА НА С. ЈАНЧИШТЕ, ОПШТИНА ЈЕГУНОВЦЕ

1. На АД "БОРЕЦ" с. Лешок - Тетово се дава концесија за експлоатација на минералната суровина – тресет на локалитетот во близина на с. Јанчиште, општина Јегуновце, со површина на простор на концесија за експлоатација дефиниран со точки меѓусебно поврзани со прави линии, а точките дефинирани со координати како е дадено во табеливе, и тоа:

Поле 1

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.656 620,00 | 7.510 356,00 |
| Т-2 | 4.656 560,00 | 7.510 768,00 |
| Т-3 | 4.656 368,00 | 7.510 915,00 |
| Т-4 | 4.656 280,00 | 7.510 868,00 |
| Т-5 | 4.656 118,00 | 7.510 770,00 |
| Т-6 | 4.656 018,00 | 7.510 666,00 |
| Т-7 | 4.655 824,00 | 7.510 540,00 |
| Т-8 | 4.655 784,00 | 7.510 720,00 |
| Т-9 | 4.655 673,00 | 7.510 672,00 |
| Т-10 | 4.655 668,00 | 7.510 548,00 |
| Т-11 | 4.655 666,00 | 7.510 262,00 |
| Т-12 | 4.655 750,00 | 7.510 200,00 |
| Т-13 | 4.655 803,00 | 7.510 245,00 |
| Т-14 | 4.655 970,00 | 7.510 147,00 |
| Т-15 | 4.656 093,00 | 7.510 235,00 |
| Т-16 | 4.656 238,00 | 7.510 263,00 |
| Т-17 | 4.656 335,00 | 7.510 355,00 |

Површината на просторот на експлотационото Поле 1 од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,47 km$^2$.

Поле 2

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.655 082,00 | 7.509 980,00 |
| Т-2 | 4.655 144,00 | 7.510 024,00 |
| Т-3 | 4.655 180,00 | 7.510 022,00 |
| Т-4 | 4.655 190,00 | 7.510 095,00 |
| Т-5 | 4.655 250,00 | 7.510 150,00 |
| Т-6 | 4.655 178,00 | 7.510 160,00 |
| Т-7 | 4.655 082,00 | 7.510 116,00 |
| Т-8 | 4.655 104,00 | 7.510 050,00 |

Површината на просторот на експлотационото Поле 2 од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,0165 km$^2$.

Поле 3

| ТОЧКА | КООРДИНАТА -X | КООРДИНАТА -Y |
|---|---|---|
| Т-1 | 4.655 080,00 | 7.509 588,00 |
| Т-2 | 4.654 880,00 | 7.509 816,00 |
| Т-3 | 4.654 816,00 | 7.509 692,00 |
| Т-4 | 4.654 756,00 | 7.509 635,00 |
| Т-5 | 4.654 574,00 | 7.509 510,00 |
| Т-6 | 4.654 500,00 | 7.509 303,00 |
| Т-7 | 4.654 552,00 | 7.509 245,00 |
| Т-8 | 4.654 648,00 | 7.509 295,00 |
| Т-9 | 4.654 767,00 | 7.509 130,00 |
| Т-10 | 4.654 847,00 | 7.509 235,00 |
| Т-11 | 4.654 800,00 | 7.509 304,00 |
| Т-12 | 4.654 764,00 | 7.509 478,00 |

Површината на просторот на експлотационото Поле 3 од точка 1 на оваа одлука изнесува P=0,15 km$^2$.

2. Времетраењето на дадената концесија од точка 1 на оваа одлука, ќе се определат во Договорот за концесија согласно Законот за минералните суровини.

3. Висината на надоместокот за дадената концесија од точка 1 на оваа одлука ќе се определи во Договорот за концесија, согласно Одлуката за определување на критериуми за висината на надоместокот за концесии за вршење детални геолошки истражувања и експлоатација на минерални суровини ("Службен весник на Република Македонија" бр. 100/2005).

4. Начинот, роковите и гаранцијата за плаќањето на надоместоците ќе се определи во Договорот за концесија.

5. За површина од точка 1 од оваа одлука ЈП "Македонски Шуми" треба благовремено да изврши сеча на шумата, а истовремено АД "БОРЕЦ" с. Лешок - Тетово треба да изврши пошумување на соодветна површина која ќе ја определи ЈП "Македонски Шуми".

6. Како почеток на концесијата ќе се смета денот на потпишување на Договорот за концесија.

7. Во име на Владата на Република Македонија, Договорот за концесија ќе го потпише министерот за економија.

8. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1532/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

**640.**

Врз основа на член 88, став 2 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 37/97, 25/00, 101/00, 50/01, 25/03, 37/04 и 4/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Владата на Република Македонија дава согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, бр. 02-287/1 од 27.02.2006 година, донесен од Управниот одбор на Агенцијата за вработување на Република Македонија, на седницата одржана на 27.02.2006 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1117/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**641.**

Врз основа на член 4 став 4 од Законот за јавните претпријатија ("Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02 и 53/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

## ОДЛУКА
## ЗА ПРЕОБРАЗБА НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ "МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА", ВО АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО "МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА" ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со оваа одлука се врши преобразба на Јавното претпријатие "Македонска информативна агенција" во акционерско друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост.

Член 2

Акционерското друштво, ќе работи и ќе учествува во правниот промет под фирма:

Акционерско друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост.

Скратен назив на фирмата е: АД "МИА" - Скопје.

Член 3

Седиштето на Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост е во Скопје, ул. "Бојмија" К-2.

Член 4

Акционерско друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост дејноста ја обавува заради целосно и објективно информирање на медиумите и на граѓаните на Република Македонија, како и за информирање на меѓународната јавност за актуелната општествена политичка и економска состојба во Република Македонија.

Член 5

Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост ја обавува следната претежна дејност:

- 92.40- активност на новински агенции.

Друштвото ќе ги обавува сите дејности за кои не е потребна посебна дозвола или одобрение од надлежен орган.

Член 6

Акционерско друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост во правниот промет истапува во свое име и за своја сметка.

Член 7

Основна главнина на Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост се средствата, опремата и имотот на Јавното претпријатие "Македонска информативна агенција".

Член 8

Управувањето на друштвото е организирано според двостепен систем:

- Управен одбор, и
- Надзорен одбор.

Член 9

Членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор.

Управниот одбор управува со друштвото и во тие рамки го води работењето на друштвото под сопствена одговорност.

Управниот одбор се состои од 5 (пет) члена.

Член 10

Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) члена.

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со друштвото што го врши Управниот одбор.

Членовите на Надзорниот одбор ги избира Владата на Република Македонија во својство на собрание на акционери.

Надзорниот одбор од редот на своите членови со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Надзорниот одбор избира претседател на Надзорниот одбор.

Една четвртина од членовите на Надзорниот одбор се независни членови на Надзорниот одбор.

Член 11

Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост донесува Статут со кој особено се уредува: фирмата и седиштето, предметот на работењето на друштвото, износот на основната главнина, номиналниот износ на акциите, бројот на акциите и други прашања од значење на друштвото.

Статутот на Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 12

Капиталот, средствата, вработените правата и обврските поврзани со работењето на Јавното претпријатие "Македонска информативна агенција" ќе се пренесат на Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост.

Член 13

Органите на управување на ЈП МИА продолжуваат да ги вршат функциите, обврските и правата до завршување на преобразбата на Јавното претпријатие во Акционерско друштво и до конституирање на друштвото.

Член 14

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1757/1
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

**642.**

Врз основа на член 383, став 1, точка 1 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО „МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА АД", ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ, СКОПЈЕ

1. Се усвојува Статутот на Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје во државна сопственост бр. 19-1757/2 од 13.04.2006 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1757/3
13 април 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

---

**643.**

Врз основа на член 22 и 287 од Законот за трговските друштва ("Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

## С Т А Т У Т
## НА АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО "МАКЕДОНСКА ИНФОРМАТИВНА АГЕНЦИЈА АД" - СКОПЈЕ, ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој статут се утврдува: фирмата, седиштето, предметот на работење, износот на основната главнина, номиналната вредност на акциите, бројот на акциите од секој род и класа, правата, обврските, ограничувањата и погодностите, предностите што за себе ги задржува основачот, постапката за свикување и одржување на собранието, фирмата, седиштето и МБС на основачот, видот, составот и начинот на избор на органот на управување, формата и начинот на објавувањата и други одредби што се од значење за Акционерското друштво "Македонска информативна агенција АД" - Скопје, во државна сопственост (во натамошниот текст: Друштвото).

Член 2

Друштвото настана со Одлука на Владата на Република Македонија бр. 19-1757/1 од 13.04.2006 година, за преобразба на Јавното претпријатие Македонска информативна агенција во Акционерско друштво "Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост.

### II. ФИРМА И СЕДИШТЕ НА ДРУШТВОТО

Член 3

Акционерското друштво, ќе работи и ќе учествува во правниот промет под фирма:

Акционерско друштво "Македонска информативна агенција" - Скопје, во државна сопственост.

Скратен назив на фирмата е: АД "МИА" - Скопје.

Член 4

Седиштето на Друштвото е во Скопје ул. „Бојмија" К-2.

Член 5

Друштвото има печат, штембил и знак.

Формата на печатот, штембилот и знакот ќе се утврдат со акт на Управниот одбор.

Член 6

Статутот е основен општ акт на Друштвото.

Другите општи акти на Друштвото мора да бидат во согласност со статутот.

### III. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ НА ДРУШТВОТО

Член 7

Предмет на работење на Друштвото се следните дејности:

- 92.40- активност на новински агенции.

Друштвото ќе ги обавува сите дејности за кои не е потребна посебна дозвола или одобрение од надлежен орган.

### IV. ИЗНОС НА ОСНОВНАТА ГЛАВНИНА, НОМИНАЛНА ВРЕДНОСТ НА АКЦИИТЕ И НИВНИОТ БРОЈ, ПРАВА, ОБВРСКИ, ОГРАНИЧУВАЊА И ПОГОДНОСТИ

Член 8

Основната главнина на Друштвото изнесува 3.730.600,00 МКД (три милиони седумстотини триесет илјади шестотини денари) или 60.659,40 ЕУР (шеесетилјадишестотинипедесетидевет евра четириесет евро центи) според средниот курс на Народна банка на Република Македонија објавен еден ден пред усвојување на Статутот).

Основната главнина на Друштвото е поделена на 60.659,00 обични акции што гласат на име, со номинална вредност од 1 евро=61,5 МКД по акција.

### V. ФОНД ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА АКЦИИ НА ВРАБОТЕНИТЕ

Член 9

Се основа Фонд од кој вработените можат да стекнат акции на Друштвото, бесплатно или по повластена цена.

Фондот нема својство на правно лице.

Член 10

Собранието на Друштвото донесува Програма, според која вработените ќе стекнуваат акции, Одлука за издавање на акции наменети за Фондот, како и Одлука за критериумите за нивната распределба.

Акциите кои што вработените ги стекнуваат од Фондот, изнесуваат до една десетина од основната главнина и се стекнуваат од акциите на основачот.

Со акт на Собранието на Друштвото се уредува организацијата и управувањето на Фондот, како и користењето и начинот на распределбата на средствата наменети за акции на вработените.

### VI. ПРЕДНОСТИ НА ОСНОВАЧОТ

Член 11

Основачот не задржува посебни погодности за себе.

### VII. ПОСТАПКА ЗА СВИКУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА СОБРАНИЕ

Член 12

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Македонија.

Собранието своите права и обврски ги врши на начин утврден во Деловникот за работа.

Член 13

Собранието на Друштвото се свикува во случаите определени со закон, како и кога тоа го бара интересот на Друштвото и на акционерот.

**1. Собрание**

Член 14

Собранието одлучува само за прашања изрично определени со закон и овој статут, а особено за:

- Измена на Статутот на Друштвото;
- Одобрување на Годишната сметка, на финансиските извештаи и на Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучувањето за распределба на добивката;
- Избор и отповикување на членовите на Надзорниот одбор;
- Промената на правата врзани за одделни видови и родови акции;
- Одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото, на членовите на Надзорниот и на Управниот одбор, како и одобрување на Договорите за уредување на односите помеѓу Друштвото и членот на Управниот одбор (утврдени во член 26 од овој Статут);
- Зголемувањето и намалувањето на основната главнина на Друштвото;
- Издавање акции и други хартии од вредност;
- Издавање акции наменети за Фондот;
- Донесување Програма за стекнување на акции на вработените;
- Донесување Одлука за критериуми за распределба на акции на вработените;
- Издавање акции и други хартии од вредност;
- Издавање акции наменети за Фондот од кои што вработените ќе стекнуваат акции бесплатно или по повластена цена и за критериумите за нивната распределба;
- Назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи на Друштвото;
- Преобразба на Друштвото во друга форма на Друштво и за статусните промени на Друштвото;
- Престанување на Друштвото;
- Одлучува за покривање на загубата.

VIII. ФИРМА, СЕДИШТЕ И МБС НА ОСНОВАЧОТ

Член 15

Основачот на Друштвото е Република Македонија, а правата на Собранието ги врши Владата на Република Македонија.

Седиштето на вршителот на правата на Основачот е во Скопје на ул. „Илинденска" бб. Матичен број на Основачот е 4064674.

IX. ВИД, СОСТАВ И НАЧИН НА ИЗБОР НА ОРГАНОТ НА УПРАВУВАЊЕ

Член 16

Управувањето на Друштвото е организирано според двостепен систем (Управен одбор и Надзорен одбор).

**1. Управен одбор**

Член 17

Со Друштвото управува Управен одбор кој се состои од 5 членови.

Членовите и претседателот на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор.

Член 18

Мандатот на членовите на Управниот одбор изнесува четири години.

Изборот и отповикувањето на членовите на Управниот одбор се врши со јавно гласање.

Член 19

Со Одлуката на Надзорниот одбор за избор на членовите на Управниот одбор, еден од членовите на Управниот одбор се именува за претседател на Управниот одбор и се определува кој член на Управниот одбор за која област од работењето на Друштвото ќе биде задолжен.

Член 20

Претседателот на Управниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив и е одговорен за водење на записникот и за организацијата на други форми преку кои Управниот одбор работи и одлучува.

Ако претседателот на Управниот одбор од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на Управниот одбор претседава член на Управниот одбор именуван од Надзорниот одбор.

Член 21

Сите членови на Управниот одбор ги водат и ги вршат работите од надлежност на Управниот одбор и тоа:

- ја донесуваат Програмата за работа и развој на Друштвото;
- ја утврдуваат деловната политика;
- донесуваат Годишен план и Годишен финансиски план на Друштвото;
- на барање на Собранието подготвуваат општи акти и одлуки чие донесување е во надлежност на Собранието;
- донесуваат Годишна сметка, финансиски извештаи и Извештај за работа;
- назначуваат раководни лица кои го водат работењето на Друштвото;
- поднесуваат иницијатива за изменување и дополнување на Статутот;
- донесуваат План за годишна инвестициона програма;
- донесуваат План за јавни набавки;
- донесуваат одлуки за инвестиции;
- одлучуваат за внатрешната организација на Друштвото и систематизација на работните места;
- одлучуваат за употреба на посебната резерва;
- донесуваат Програма за економските, технолошките, структуралните и други промени, кои предизвикуваат потреба од намалување на бројот на вработените;
- одлучуваат за прашања од областа на одбраната
- одлучуваат за задолжувања на Друштвото со кредити, во врска со остварувањето на Планот;
- се грижат и преземаат потребни дејствија за исполнување на со закон пропишаните обврски;
- одлучуваат по приговорите за заштита на правата на работниците, во случаи утврдени со закон;
- одлучуваат за преземање на мерки за заштита и унапредување на животната средина;
- одлучуваат за именување и разрешување на членовите во комисиите, предвидени со актите на Друштвото;
- одлучуваат за вршење попис на средствата, побарувањата и обврските;
- формираат комисии од редот на членовите на Управниот одбор и од други лица;
- одлучуваат за набавка на основни средства;
- одлучуваат за расходување на основни средства и отстапување на основни средства;
- одлучуваат за издавање на основните средства на Друштвото под закуп;
- одлучуваат за доделување финансиска помош и спонзорства најмногу во износ од една илјада и петстотини евра во денарска противвредност;
- ги утврдуваат работните места со услови на работа потешки од нормалните;
- одлучуваат за барањата од надлежни органи и институции;
- ги определуваат овластените потписници на Друштвото;
- одлучуваат за склучување колективен договор;
- донесуваат Деловник за работа;
- вршат и други работи кои не се во надлежност на Собранието и Надзорниот одбор на Друштвото.

Член 22

Со претходно одобрение на Надзорниот одбор, Управниот одбор одлучува за:

1. затворање (престанување) или пренос на претпријатие или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;

2. намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;

3. суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;

4. воспоставување на долгорочна соработка со други Друштва од суштествено значење за Друштвото или нејзино прекинување;

5. основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десетина во основната главнина на Друштвото;

6. основање и престанување на подружници на Друштвото.

Член 23

Членовите на Управниот одбор учествуваат и работат на состаноци.

Управниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок.

Член 24

Управниот одбор работи ако се присутни најмалку половина од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Член 25

Одлуките на Управниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови на Управниот одбор.

Член 26

Правата и обврските на членовите на Управниот одбор се определуваат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и членот на Управниот одбор.

Договорот од став 1 од овој член го склучува Надзорниот одбор, а по претходно добиено одобрение од Собранието на Друштвото, а го потпишува претседателот на Надзорниот одбор.

Член 27

Претседателот на Управниот одбор го застапува Друштвото во односите со трети лица и носи назив генерален директор.

Во отсуство на генералниот директор, заменикот на генералниот директор го застапува Друштвото.

Член 28

Генералниот директор ги има следните надлежности:

1. го претставува и застапува Друштвото без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет;

2. го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Собранието и на Управниот одбор на Друштвото;

3. ја утврдува материјалната одговорност на работниците;

4. го организира и го раководи процесот на работа и работењето на Друштвото;

5. предлага внатрешна организација на Друштвото;

6. склучува договори;

7. ја организира и обезбедува работната дисциплина во Друштвото;

8. ја обезбедува законитоста во работата и примената на прописите, овој статут и другите акти на Друштвото;

9. се грижи за остварување на обврските на Друштвото од областа на одбраната;

10. изготвува елаборат за економските, технолошките, структуралните и други промени, кои предизвикале потреба од намалување на бројот на вработените;

11. одлучува во прв степен за поединечните права, обврски и одговорности на работниците;

12. назначува раководни лица кои го водат секојдневното работење на Друштвото;

13. формира стручни комисии и работни тела;

14. го информира Управниот одбор за одделни прашања од работењето на Друштвото;

15. донесува одлуки за финансиска помош и спонзорство до една илјада и петстотини евра во денарска противвредност;

16. за работите од својата надлежност издава акти, упатства, налози и наредби со кои се обезбедува работењето на Друштвото;

17. врши други работи во врска со работењето на Друштвото.

## 2. Надзорен одбор

Член 29

Надзорниот одбор се состои од 5 (пет) членови, од кои два члена се независни. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на Друштвото.

При изборот на членовите на Надзорниот одбор се назначува кои членови се избираат како независни членови на Надзорниот одбор.

Член 30

Надзорниот одбор од редот на своите членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членовите на Надзорниот одбор, избира претседател на Надзорниот одбор.

Член 31

Мандатот на членовите на Надзорниот одбор изнесува четири години.

Член 32

Претседателот на Надзорниот одбор ги свикува состаноците и претседава со нив, одговорен е за водењето на евиденцијата за состаноците и организирањето на другите начини на работа и на одлучување на Надзорниот одбор.

Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на Надзорниот одбор претседава член на Надзорниот одбор избран со мнозинство членови од присутните членови на Надзорниот одбор.

Член 33

Надзорниот одбор може во секое време да го разреши претседателот на Надзорниот одбор и да избере нов претседател на Надзорен одбор.

Член 34

Членовите на Надзорниот одбор учествуваат и работат на состаноци.

Надзорниот одбор може да одлучува и без одржување на состанок ако сите членови дадат согласност за одлуката која што се донесува без одржување на состанок.

Член 35

Надзорниот одбор работи ако се присутни повеќе од половина од вкупниот број на членови.

Член 36

Одлуките на Надзорниот одбор се сметаат за донесени ако за нив гласале повеќе од половината од вкупниот број на членови на Надзорниот одбор.

Член 37

Надзорниот одбор врши надзор врз управувањето со Друштвото.

Надзорниот одбор може да врши увид и да ги проверува книгите и документите на Друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност.

X. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Член 38

Со акт на Управниот одбор, по претходно одобрение од Надзорниот одбор, поблиску се уредува внатрешната организација на Друштвото и работите кои се извршуваат во Друштвото.

XI. КОМИСИИ НА ДРУШТВОТО

Член 39

Управниот одбор на Друштвото формира комисии од редот на своите членови и од други лица.

Друштвото ги има следните комисии:

- Комисија за заштита на правата;
- Комисија за контрола над примена на Колективниот договор; и
- други комисии формирани од Управниот одбор, Надзорниот одбор, директорот на Друштвото, по укажана потреба во процесот на работењето.

Член 40

Комисијата за заштита на правата одлучува по приговори на работници во втор степен. Комисијата за контрола над примена на Колективниот договор врши контрола над примената на одредбите од Колективниот договор.

Член 41

Начинот на работа на комисиите се уредува со Деловник за работа.

XII. ЗАДОЛЖИТЕЛНА ОПШТА РЕЗЕРВА (ОПШТ РЕЗЕРВЕН ФОНД)

Член 42

Друштвото има задолжителна општа резерва.

Оваа резерва се пресметува и издвојува во процент од 15% од добивката.

**1. Посебни резерви заради покривање на загуби или други издатоци**

Член 43

Во Друштвото се создаваат посебни резерви заради покривање на други издатоци за:

- осигурување од ризик на вработените за специфични отежнати услови на работење;
- докуп на стаж и отпремнина над одобрениот износ;
- добротворни цели, помош и спонзорства.

Средствата за посебните резерви од став 1 се издвојуваат од општиот имот на Друштвото и истите не можат да се употребат за друга намена освен за намената за која се создадени.

Средствата за посебните резерви ќе се водат на посебни сметки, одвоено од другите сметки на Друштвото.

Начинот на создавање и вложување, организацијата, начинот на употреба, висината на средствата, планот и програмата за користење на средствата од посебните резерви ќе се утврди со акт на Собранието на Друштвото.

XIII. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА

Член 44

Распределба на добивката во Друштвото се врши врз основа на одлука на Собранието донесена на предлог на Управниот одбор, во согласност со годишната пресметка на Друштвото.

На акционерите им припаѓа дел од годишната добивка во вид на дивиденда.

Висината на дивидентата, Собранието може да ја определи откако од чистата добивка ги одбие придонесите за резервниот фонд на Друштвото.

Член 45

Собранието на предлог на Управниот одбор може да одлучи добивката да не се дели во определена година и истата да се употреби за развој на Друштвото или за друга намена.

Член 46

Ако Друштвото со годишната сметка искаже загуба, Собранието донесува одлука за покривање на таа загуба.

Одлуката за покривање на загубата, Собранието ја донесува по предлог на Управниот одбор во кој мора да се содржани причините за настанувањето на загубата и предлог за начинот на нејзиното покривање.

XIV. СОРАБОТКА СО СИНДИКАТОТ

Член 47

Друштвото во согласност со закон и колективен договор, обезбедува услови за работа и делување на Синдикатот.

Член 48

Синдикатот може на Управниот одбор да му поднесува предлози, мислења и забелешки во врска со остварувањето и заштитата на правата на работниците утврдени со закон и колективен договор.

За поднесените предлози, мислења и забелешки, Управниот одбор е должен да заземе став и за тоа да го извести Синдикатот.

XV. ФОРМА И НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊАТА ШТО ГИ ВРШИ ДРУШТВОТО

Член 49

Сите акти што ги донесува Управниот одбор се објавуваат во службеното гласило на Друштвото или на огласна табла.

XVI. АКТИ НА ДРУШТВОТО

Член 50

Прашањата кои се од значење за Друштвото, а не се уредени со овој статут ќе се уредат со други акти на Друштвото согласно со законот и овој статут.

Актите на Друштвото ги донесува Управниот одбор и истите не можат да бидат во спротивност со овој статут.

Актите на Друштвото се:

- Колективен Договор,
- Правилник за внатрешна организација,
- Правилник за систематизација на работните места
- Правилник за заштита од пожар
- Правилник за деловна тајна
- Правилник за печатот, штембилот и знакот
- Правилник за заштита при работа
- Правила за редот и дисциплината
- Ценовник за технички и други услуги и
- други акти согласно закон и колективен договор.

Член 51

Актите на Друштвото влегуваат во сила осмиот ден од денот на објавувањето, освен ако со акт не е поинаку определено.

XVII. ОДБРАНА

Член 52

Во воена состојба Друштвото продолжува со вршење на дејноста, заради што во согласност со Законот за

одбрана и другите подзаконски прописи, спроведува соодветни подготовки и изработува документи за работа во воена состојба.

Член 53

Во воена состојба Друштвото презема мерки за заштита на работниците и материјалните добра од воени дејствија.

Член 54

Заради заштита на тајните податоци и информации од областа на одбраната, Друштвото спроведува соодветни мерки за нивна заштита.

XVIII. ПОСТАПКА ЗА ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 55

Статутот на Друштвото може да се менува.

Предлог за измена на Статутот може да поднесат Управниот одбор и членовите на Друштвото.

Предлог за измена на Статутот кој не е поднесен од Управниот одбор се доставува на мислење на Управниот одбор.

Член 56

Предлогот за измена на Статутот се разгледува на првата седница на Собранието по неговото поднесување.

За измена на Статутот, Собранието одлучува на начин на кој се донесува Статутот.

XIX. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Член 57

Овој статут влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

| | |
|---|---|
| Бр. 19-1757/2 | Претседател на Владата |
| 13 април 2006 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски,** с.р. |

**644.**

Врз основа на член 131, став (4) од Законот за даночна постапка („Службен весник на Република Македонија бр. 13/06), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 13.04.2006 година, донесе

**ТАРИФА**
**ЗА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ЗА ПРИСИЛНА НАПЛАТА**

1. Со оваа тарифа се определува висината на трошоците во постапка на присилна наплата на пристигнат даночен долг, кои паѓаат на товар на должникот во присилната наплата.

2. Висината на трошоците во постапка на присилна наплата се плаќаат во висина на износи за:

| | |
|---|---|
| 1) секое излегување на даночен извршител заради пописи и процена на движни предмети или на недвижности на должникот, во постапка на обезбедување на даночно побарување во присилна наплата (залог) и во постапка на присилна наплата на даночен долг | 2.000,00 денари |
| 2) секое излегување на даночен извршител заради заплена на попишани движни предмети, односно недвижности на должникот, во постапка на обезбедување на даночно побарување во присилна наплата од движни предмети и во постапка на присилна наплата на даночен долг | 2.000,00 денари |
| 3) секоја одржана постапка на продажба на движни предмети, односно недвижности по пат на аукција | 3.000,00 денари |
| 4) присуство на сведок при преземање на дејствија на даночен извршител во постапка на обезбедување на даночно побарување во присилна наплата и во постапка на присилна наплата на даночен долг – по ден | 1.500,00 денари |

3. Трошоците за процена на попишани движни предмети на должникот и за утврдување на почетна цена на недвижности од страна на друго стручно лие се определуваат земајќи го во предвид барањето на тоа лице во поглед на висината на наградата за извршена проценка.

4. Трошоци за чување и продажба на запленети хартии од вредност на должникот во постапка на присилна наплата се определуваат со договор за депонирање, чување и продажба на хартиите од вредност.

5. Трошоците за превоз, складирање и чување на одземени движни предмети од даночниот обврзник во постапка на присилна наплата на даночен долг, како и трошоците за огласување на продажба на движни предмети, односно на недвижности која се врши по пат на усна јавна аукција, се утврдуваат во висина на вистинските износи.

6. Трошоците за присилна наплата на даночен долг, должникот во присилна наплата ги уплатува на посебна сметка на Управата за јавни приходи.

**7.** Оваа тарифа влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

| | |
|---|---|
| Бр. 19-1580/1 | Претседател на Владата |
| 13 април 2006 година | на Република Македонија, |
| Скопје | д-р **Владо Бучковски**, с.р. |

**645.**

Врз основа на член 7, став 2 од Законот за премер, катастар и запишување на правата на недвижностите (“Сл. весник на СРМ” бр. 27/86, 17/91 и „Сл. весник на РМ“ бр. 84/05 и 109/05), член 36 став 5 од Законот за Владата на Република Македонија („Сл. весник на РМ“ бр. 59/00, 12/03, 55/05 и 37/06) и член 37 став 1 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2006 година („Сл. весник на РМ“ бр. 120/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 07.04.2006 година, донесе

**ГОДИШНА ПРОГРАМА**
**ЗА ПРЕМЕР, КАТАСТАР И ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ ВО 2006 ГОДИНА**

ПРВ ДЕЛ

I. ПОГЛАВЈЕ

1. АКТИВНОСТИ ОД ИЗВОРНА НАДЛЕЖНОСТ ВО ВЕРТИКАЛНА ЛИНИЈА

1.1. ПРЕДМЕТ, ВИДОВИ, ОБЕМ НА РАБОТА И НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ

**1.1.1. Предмет на работа**

(1) Со оваа Програма се определуваат активностите, работите и задачите од областа на премерот, катастарот и запишување на права на недвижности, кои ќе се извршуваат во 2006 година, како и обемот и начинот на извршување, финансиските средства, изворите на финансирање и управувањето со функциите.

(2) Во 2006 година ќе се продолжи со извршување на оперативно-техничките теренски работи на подрачја на кои премерот е започнат во минатата година; довршување на техничко-технолошките канцелариски рабо-

ти на започнатиот премер и катастар на недвижностите; обновување (нов премер) и дополнување (реамбулација) на стар премер и катастар на земјиште; спроведување на управно-правни работи за запишување на права на недвижности и востановување катастар на недвижности; одржување на премерот и катастарот на недвижности (КН) и одржување на премерот и катастарот на земјиште(КЗ) и сервисирање на клиентите, во 1718 катастарски општини од 84 единици на локалната самоуправа - општините: Берово, Битола, Богданци, Валандово, Велес, Виница, Гевгелија, Гостивар, Дебар, Делчево, Демир Хисар, Демир Капија, Кавадарци, Кичево, Кочани, Кратово, Крива Паланка, Крушево, Куманово, Македонска Каменица, Македонски Брод, Неготино, Охрид, Пехчево, Прилеп, Пробиштип, Радовиш, Ресен, Свети Николе, Струга, Струмица, Тетово, Штип, Арачиново, Босилово, Брвеница, Василево, Вевчани, Вранештица, Врапчиште, Градско, Дебарци, Дојран, Долнени, Другово, Желино, Зајас, Зелениково, Зрновци, Илинден, Јегуновце, Боговиње, Карбинци, Конче, Кривогаштани, Липково, Лозово, Ростуше, Могила, Новаци, Ново Село, Осломеј, Петровец, Пласница, Ранковце, Росоман, Сопиште, Старо Нагоричане, Студеничани, Теарце, Центар-Жупа, Чашка, Чешиново, Чучер-Сандево, Аеродром, Бутел, Гази Баба, ¿орче Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари, како и работи за јакнење на институционалните капацитети, управување со функциите и сервисирање на клиентите.

(3) Предметот на работа во рамките на оваа програма ќе се реализира преку:

ПОТПРОГРАМА: КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СО ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВА, ОДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМИТЕ КН и КЗ, ИНСТИТУЦИСКО ЈАКНЕЊЕ и УПРАВУВАЊЕ СО ФУНКЦИИТЕ, а во нејзини рамки со реализација и на следните проекти и потпроекти:

П Р О Е К Т : КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ И РЕГИСТРАЦИЈА - КНР;

ПОТПРОЕКТ: КНР - ПИЛОТ ПРОЕКТ КУМАНОВО;

ПОТПРОЕКТ: КНР - ОБУКИ И ЕДУКАЦИЈА - „SIDA" ПРОЕКТ;

ПОТПРОЕКТ: „JICA"MTK25 (МАКЕДОНСКА ТОПОГРАФСКА КАРТА 25); и

ПОТПРОЕКТ: КНР - МАКЕДОНСКИ ЕЛЕКТРОНСКИ Е - КАТАСТАР.

### 1.1.2. Видови и обем на активности, финансиски средства и индикатори на следење

(1) **ПОТПРОГРАМАТА: КОМПЛЕТИРАЊЕ НА КАТАСТАР НА НЕДВИЖНОСТИ СО ЗАПИШУВАЊЕ НА ИМОТНИ ПРАВА, ОДРЖУВАЊЕ НА КАТАСТАРСКИТЕ СИСТЕМИ - КН и КЗ, ИНСТИТУЦИСКО ЈАКНЕЊЕ, КРЕИРАЊЕ НА ПОЛИТИКИ И УПРАВУВАЊЕ СО ФУНКЦИИТЕ, ќе се реализира со следните активности, финансиски средства и индикатори на следење:**

**Вкупни финансиски средства: 22 305 000 ден. (Буџет-с-ка 637)+79 720 000 ден.(Буџет-с-ка 787)+100 000 000 ден.(Заем СБ - сметка 786)+16 280 000 ден.(Донација Холандија - сметка 785) +53 680 000 ден.(Донација Шведска- директни плаќања) = 218 305 000 денари**

**АКТИВНОСТИ А.: Оперативна поддршка за/и комплетирање на КН со запишување на права на недвижности**

**Вкупни финансиски средства : 90 560 000 ден.**

А.1. Продолжување на катастарскиот премер кој е во тек - ќе се реализира преку следните работи и задачи,финансиски средства и индикатори на следење:

**Финанс. сред. : 11 552 000 ден. (Буџет-сметка 787) +1 600 000 ден.(Заем СБ -сметка 786)**

